# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: opstina@mbrod.gov.mk
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** **31.05.2024 година**
**Општина Македонски Брод** **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** **Број 5 – 2024 год.**

МАЈ 2024

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 36 - та седница одржана на ден 31.05.2024 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

за дислокација на детско игралиште кое се наоѓа на дел од КП бр.3239/1 и КП бр.3239/2 за КО Македонски Брод

Член 1

Општина Македонски Брод има потреба од дислокација на опрема за забава на деца од игралиште кое е лоцирано на дел од КП бр.3239/1 и дел од КП бр.3239/2 за КО Македонски Брод, односно до новата станбена социјална зграда.

Опремата за забава на деца ќе се дислоцира на дел од КП бр.3247 за КО Македонски Брод, односно до мултифункционалното игралиште кое се најдува непосредно до СОУ „Св.Наум Охридски“.

Член 2

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 – 440/3
31.05.2024 година

Претседател на Совет
на Општина Македонски Брод,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...13/22), а во врска со објавениот втор повик за финансирање на техничка документација по проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ и Бирото за регионален развој, Советот на Општина Македонски Брод на 36 - та седница одржана на 31.05.2024 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

за поднесување на барање за грант на Општина Македонски Брод по објавениот втор повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни објекти по проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“– за проектот „Изработка на техничка документација за изградба на крак 2 и 3 од локален пат за село Зркле и изградба на фекална канализација со пречистителна станица во населено место Самоков“

Член 1

Општина Македонски Брод, по објавениот втор повик за финансирање на техничка документација по проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ и Бирото за регионален развој, следејќи ги своите приоритети одредени во стратешките плански документи, ќе аплицира со предлог проектот „Изработка на комплетна проектна документација за изградба на дел од локален пат за село Зркле, крак 2 и 3 и изградба на фекална канализација со пречистителна станица во населено место Самоков, Општина Македонски Брод“.

Член 2

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 – 440/4
31.05.2024 година

Претседател на Совет
на Општина Македонски Брод,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...13/22), а во врска со објавениот втор повик за финансирање на техничка документација по проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ и Бирото за регионален развој, Советот на Општина Македонски Брод на 36 - та седница одржана на 31.05.2024 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

за поднесување на барање за грант на Општина Македонски Брод по објавениот втор повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни објекти по проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“

Член 1

Општина Македонски Брод, по објавениот втор повик за финансирање на техничка документација по проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ и Бирото за регионален развој, следејќи ги своите приоритети одредени во стратешките плански документи, ќе аплицира со предлог проектот „Изработка на комплетна техничка документација за реконструкција - замена на дограма и спуштање на плафони на зградата на средното општинско училиште „Свети Наум Охридски“ и поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија на истиот објект во Општина Македонски Брод“.

Член 2

Општина Македонски Брод, согласно условите дадени во Водичот за аплицирање по овој повик, задолжително е да кофинансира со најмалку 20% финансиски средства од договорно постигнатата сума за реализација на овој проект. Средствата во висина од 20% ќе бидат обезбедени од Буџетот на општината.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 – 440/5
31.05.2024 година

Претседател на Совет
на Општина Македонски Брод,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03...13/22), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2024 година, по доставено барање бр.18 - 415/2 од 15.05.2024 година од ЗГ Поречки Средби, Советот на Општина Македонски Брод на 36 - та седница одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за организирање на Поречки средби во 2024 година

1. На Здружението на граѓани „Поречки средби“ се одобруваат финансиски средства за организирање на „Поречки средби“, кои ќе се одржат во село Девич на 08 Јуни 2024 година за покривање на дел од трошоците за обезбедување на 250 ланч ручеци (сендвич и сок) за учесниците на културно уметничките друштва.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2024 година согласно расположливите средства и доставена соодветна документација.

- ЗГ „Поречки средби“ има обврска да достави писмен извештај за реализацијата со пропратна документација до Советот на Општина Македонски Брод.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 440/6
31.05.2024 година

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), а согласно член од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2024 година, по доставено барање од ООУ „Св.Климент Охридски“ бр.18 - 453/1, Советот на Општина Македонски Брод на 36 - та седница одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за организирање на полуматурска вечер на полуматуранти од ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод

1. Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.05.2024 година на барање од ООУ „Св.Климент Охридски” - Македонски Брод донесе решение за одобрување на финансиски средства за спонзорирање на музичкиот дел на полуматурска вечер за полуматурантите - генерација 2023/24 година.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2024 година согласно доставената документација.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 440/7
31.05.2024 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), а согласно член од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2024 година и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод по доставени барања од правни и физички лица до Комисијата за општествени дејности, Советот на Општина Македонски Брод на 36 - та седница одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од матурантите од СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод

1. Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.05.2024 година донесе решение за одобрување на финансиски средства за организирање на „Матурска вечер за матурантите 2023/24 година“.

- Средствата ќе се исплатат согласно доставената соодветна документација.

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 440/ 8
31.05.2024 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...13/22), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2024 година, по доставено барање бр.18 - 430/1 од 15.05.2024 година, Советот на Општина Македонски Брод на 36 - та седница, одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за учество на Фестивал Самоков Екстрим во Македонски Брод во 2024 година

1. На Форум за авангрaдна креативност се одобруваат финансиски средства во висина од 60.000,00 денари како финансиска подршка за организирање на Фестивал Самоков Екстрим во Македонски Брод во 2024 година, за покривање на трошоците за печатење на постери и флаери, маички, изработка на видео спот и ангажирање на водичи на велосипедиска и планинарска тура.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2024 година, согласно расположливите средства.

- Форум за авангрaдна креативност има обврска да достави писмен извештај за реализацијата со пропратна документација до Советот на Општина Македонски Брод.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 440/9
31.05.2024 година

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03...13/22), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2024 година, по доставено барање бр.18 - 453/2 од 30.05.2024 година од ЗГКУД „Театар хит“ Скопје, Советот на Општина Македонски Брод на 36 - та седница, одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за одржување на театарска претстава за деца „ДАЛМАТИНКО“ во Македонски Брод

1. На ЗГКУД „Театар хит“ се одобруваат финансиски средства во висина од 23.000,00 денари како финансиска подршка за одржување на претстава за деца во Домот на култура – М.Брод и ОЈУДГ „7-ми Септември“ - М.Брод за покривање на трошоците за одржување на претставата за деца од основното училиште и детската градинка.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2024 година н согласно расположивите средства.

- Здружението има обврска да достави писмен извештај за реализацијата со пропратна документација до Советот на Општина Македонски Брод.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 440/10
31.05.2024 година

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 став 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03...13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 36 - та седница по доставено барање бр.18 - 448/1 од 29.05.2024 година од м.з. с.Сушица на одржаната седница на ден 31.05.2024 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

за утврдување на приоритет на проект „Реконструкција на пат за село Сушица, Општина Македонски Брод“

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проектот „Реконструкција на пат за село Сушица, Општина Македонски Брод“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 – 440/11
31.05.2024 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Марјан Алампиоски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр. 2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуки, решенија и заклучоци донесени на 36 - та седница
одржана на ден 31.05.2024 година

Се објавуваат Одлуки, решенија и заклучоци, што Советот на Општина Македонски Брод ги донесе на 36 - та седница, одржана на ден 31.05.2024 години и тоа како следи:

1. Одлука за дислокација на детско игралиште кое се наоѓа на дел од КП бр.3239/1 и КП бр.3239/2 за КО Македонски Брод;

2. Одлука за поднесување на барање за грант на Општина Македонски Брод по објавениот втор повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни објекти по проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ – за проектот „Изработка на техничка документација за изградба на крак 2 и 3 од локален пат за село Зркле и изградба на фекална канализација со пречистителна станица во населено место Самоков“;

3. Одлука за поднесување на барање за грант на Општина Македонски Брод по објавениот втор повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни објекти по проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“;

4. Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за организирање на Поречки средби во 2024 година;

5. Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за организирање на полуматурска вечер на полуматуранти од ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод;

6. Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барањае од матурантите од СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод;

7. Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за учество на Фестивал Самоков Екстрим во Македонски Брод во 2024 година;

8. Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за одржување на театарска претстава за деца „ДАЛМАТИНКО“ во Македонски Брод и

9. Одлука за утврдување на приоритет на проект „Реконструкција на пат за село Сушица, Општина Македонски Брод“.

Бр .08 - 440/12
31.05.2024 година
Македонски Брод

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески, с.р.

**Службен гласник број 5 од 31.05.2024 година на Совет на Општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Одлука за дислокација на детско игралиште кое се наоѓа на дел од КП бр.3239/1 и КП бр.3239/2 за КО Македонски Брод ........................................................................ стр. 2

Одлука за поднесување на барање за грант на Општина Македонски Брод по објавениот втор повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни објекти по проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ – за проектот „Изработка на техничка документација за изградба на крак 2 и 3 од локален пат за село Зркле и изградба на фекална канализација со пречистителна станица во населено место Самоков“ ........................................................................................ стр. 3

Одлука за поднесување на барање за грант на Општина Македонски Брод по објавениот втор повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни објекти по проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“ ........................................................................................................................ стр. 4

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за организирање на Поречки средби во 2024 година ............................................................ стр. 5

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за организирање на полуматурска вечер на полуматуранти од ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод ................................................................................................................ стр. 6

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од матурантите од СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод ................................................................................................................ стр. 7

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за учество на Фестивал Самоков Екстрим во Македонски Брод во 2024 година ............. стр. 8

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за одржување на театарска претстава за деца „ДАЛМАТИНКО“ во Македонски Брод .. стр. 9

Одлука за утврдување на приоритет на проект „Реконструкција на пат за село Сушица, Општина Македонски Брод ........................................................................... стр. 10

Заклучок за објавување на Одлуки, решенија и заклучоци донесени на 36 - та седница одржана на ден 31.05.2024 година .................................................................. стр. 11